# Народна банка на Република Северна Македонија

**Канцеларија за стратегија и превенција**

**Функција усогласеност**

# П О Л И Т И К А
# за усогласеноста на Народната банка на Република Северна Македонија

јануари 2022 година

Врз основа на член 47 став 1 точка 9 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15,6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

**П О Л И Т И К А**
**за усогласеноста на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**(неофицијален пречистен текст)[1]**

# I. ПОСВЕТЕНОСТ И ЗАЛОЖБА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ УСОГЛАСЕНОСТ

1. Народната банка на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка), како централна банка (sui generis) одговорна за исполнување на законски утврдените цели и задачи од јавен интерес, е посветена во постигнувањето високо ниво на усогласеност и зачувување на интегритетот[2], соодветно на нејзината позиција и улога во општествената сфера на Република Северна Македонија.

2. Народната банка ја покажува посветеноста и заложбата за постигнување усогласеност и интегритет, со воспоставување на функцијата усогласеност доследна на нејзината улога и соодветна на потребите на Народната банка, во согласност со меѓународните принципи[3] и најдобрите применети практики за усогласеноста и функцијата усогласеност на Европската централна банка и националните централни банки во Евросистемот[4].

3. Функцијата усогласеност се воспоставува како втора линија на одбрана, доверена на лица за усогласеност кои се грижат за зајакнување на усогласеноста и интегритетот на ниво на Народната банка, коишто имаат способност за дискреција, доверливост и висок степен на интегритет при спроведувањето на своите задачи.

   Функцијата усогласеност претставува дополнителен механизам за поддршка и зајакнување на усогласеноста на вработените и членовите на Советот преку кој ќе добијат подобро разбирање за ризиците и механизмите за нивно намалување.

# II. КОНЦЕПТ НА „УСОГЛАСЕНОСТ“ И МИСИЈА

[1] Ова претставува неофицијален пречистен текст на Политиката за усогласеноста на НБРСМ кој се состој од: Политиката за усогласеноста на НБРСМ По.бр. 02-15/I-1/2022 од 3 февруари 2022 година и Одлука О.бр.02-15/XIV-5/2022 од 2 септември 2022 година.

[2] „**Интегритет**“ подразбира законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на функциите и работните задачи со кои членовите на Советот и вработените го чуваат својот углед и угледот на Народната банка, ги елиминираат/намалуваат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кај јавноста за работењето на Народната банка.

[3] Принципи за усогласеноста и функцијата усогласеност во банките изготвени од Базелскиот комитет за банкарска супервизија, април 2005 година – Банка за меѓународни порамнувања – „Compliance and the compliance function in banks”, Basel Committee on Banking Supervision, April 2005 Bank for International Settlements https://www.bis.org/publ/bcbs113.pdf

[4] Применливи практики во етичката рамка на Евросистемот од 12 март 2015 година – https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:52015XB0312(01)&from=EN, изготвени од ЕЦБ врз основа на Guideline (EU) 2015/855 of the ECB of 12 March 2015 laying down the principles of a Eurosystem Ethics Framework (ECB/2015/11).

4. **Концептот на „усогласеност“** на Народната банка се однесува на состојбата на законито и етичко усогласено работење на членовите на Советот на Народната банка и нејзините вработени при исполнувањето на целите и вршењето на задачите на Народната банка утврдени со закон.

5. **„Законито и етичко усогласено работење“** претставува работење на Народната банка (членовите на Советот и вработените) во согласност со Етичкиот кодекс, Законот за Народната банка, прописите од областа на корупцијата и судир на интереси, заштитено внатрешно пријавување, дискриминација и други прописи, како и договори (Колективен договор на Народната банка), коишто се применуваат на членовите на Советот и вработените (во натамошниот текст: регулатива за усогласеност). Законито усогласено работење подразбира и работењето на Народната банка во согласност со законската регулатива којашто го засега нејзиното работење.

6. **Мисија за усогласеност:** Мисијата на функцијата усогласеност за законито и етичко усогласено работење, се постигнува преку нејзината заложба за зајакнување на усогласеноста и интегритетот на Народната банка, при што создава механизми и презема превентивни неопходни активности за да обезбеди спроведување на задачите/активностите на банката, на нејзините вработени и функциите на членовите на Советот во согласност со принципите и постапките уредени во Етичкиот кодекс и останатата соодветна применлива регулатива.

   Оваа мисија, којашто придонесува за обезбедување законито и етичко усогласено работење во Народната банка, се заснова на превентивно делување за соодветна примена на регулативата и создавање култура на професионален интегритет и примерно антикорупциско однесување на вработените и членовите на Советот.

7. **Ризик од неусогласеност:** Во рамките на своите надлежности утврдени со оваа политика и Етичкиот кодекс, функцијата усогласеност укажува на ризикот од неусогласеност, којшто претставува веројатност од настанување негативни влијанија[5] врз работењето, репутацијата и финансискиот резултат на Народната банка коишто би се појавиле и/или би биле претрпени од Народната банка, заради непочитување на Етичкиот кодекс и/или применливите закони/прописи.
   Ризикот од неусогласеност може да биде од правна/регулаторна природа, односно ризик којшто би се појавил при непочитување на регулативата за усогласеноста, како и останатата законска регулатива којашто го засега работењето на Народната банка.

## III. ЦЕЛ И ОБЕМ НА ДЕЈСТВУВАЊЕ

8. Функцијата усогласеност има за цел да придонесе за постигнување високо ниво на усогласеност и интегритет, односно да ја зајакне институционалната способност на Народната банка за ограничување на нејзината изложеност кон ризикот од неусогласеност, како и индивидуалната етичка одговорност на членовите на Советот и вработените.

9. Функцијата усогласеност посветува внимание и фокус на прашања кои по својата природа, секогаш вклучуваат прашања од правна и етичка природа, особено ризиците кои би произлегле од нив во однос на репутацијата, загрозување на угледот и/или загрозување на интегритетот на Народната банка:

[5] Санкција, штета и/или други негативни влијанија/ефекти.

- етика и професионален интегритет, судир на интерес, корупција, поткуп, заштитено внатрешно пријавување, подароци и слично,
- законските обврски на вработените, членовите на Советот согласно со регулативата за усогласеност,
- подзаконска регулатива којашто ја донесува Советот на Народната банка.

Останатите аспекти на превенција на ризикот од неусогласеност се во зависност од барањата и предметите коишто се сметаат за приоритет поради нивната чувствителност (за репутацијата) на Народната банка или заради забележани слабости при спречувањето на ризикот од неусогласеност (заштита на репутацијата на Народната банка и намалување на можноста од настанување на штета за Народната банка) или одредени сегменти коишто бараат подобрување во работењето.

10. Фокусот на дејствување на оваа функција се менува и се развива во однос на:
    - мисијата, визијата, вредностите и стратегијата на Народната банка;
    - конкретните потреби, приоритети и барања, имајќи го предвид нивното влијание, поврзаност или чувствителност за работењето на Народната банка.

11. Ефикасното дејствување и навремената реакција на функцијата усогласеност се остварува преку сплот на проактивност, комуникација и соработка, транспарентност, редовна и навремена размена на информациите и/или споделување на сознанијата за потенцијален ризик од неусогласеност, информирање за ad hoc настани и инциденти во секојдневното работење.

## IV. ЗАЕДНИЧКА ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ УСОГЛАСЕНОСТ

12. Постигнувањето на усогласеноста во Народната банка се врши од горе па надолу *(англ.top to bottom).* Усогласеноста е пред сѐ одговорност на сите членови на Советот на Народната банка, како и на стратегиските, тактичките, оперативните раководители и на секој вработен во Народната банка. Постигнувањето на усогласеноста на ниво на Народната банка е составен дел од нејзината корпоративна култура, којашто се остварува преку заложбата од страна на сите активни учесници за постигнување усогласеност во Народната банка.

13. Функцијата усогласеност придонесува во подигнувањето на свеста за оваа одговорност и обезбедува начини и механизми со кои ќе се постигне висок степен на усогласеност и интегритет од страна на вработените и членовите на Советот на Народната банка.

14. Раководителите, на секое ниво во Народната банка, треба да се пример за усогласено работење (англ.leading by example), тие треба ја промовираат усогласеноста во работењето на организациската единица со која раководат и да се грижат за усогласеното работење на вработените во неа.

15. Секој вработен е поединечно одговорен за усогласеноста, односно за познавањето и за почитувањето на регулативата за усогласеност, како и за избегнувањето на ризикот од неусогласеноста во работењето.

## V. ПРИНЦИПИ НА РАБОТЕЊЕ

16. Функцијата усогласеност е независна во своето работење, што подразбира дека таа е независна при преземањето активности за постигнување усогласеност. Таа има директна линија на известување до Советот на Народната банка, како и директна линија на информирање до гувернерот и/или вицегувернерот надлежен за координирање на функцијата усогласеност, заради редовно информирање за усогласеноста, како и укажување на ризикот од неусогласеност.

17. Функцијата усогласеност има право на пристап до информации заради непречено вршење на своите задачи/активности коешто подразбира проактивно и навремено споделување на сите потребни информации и сознанија од страна на вработените и/или организациските единици, како и право на пристап до потребните документи што може да бидат корисни или неопходни при спроведувањето на нејзините надлежности. Воедно, таа треба да располага со сите потребни ресурси за правилно извршување на нејзините задачи/активности.

18. При вршењето на задачите во рамките на функцијата, треба да се избегнува судир на интереси при работењето, односно лицата за усогласеност не треба да бидат доведени во ситуација на судир со вршењето дополнителни работни задачи дадени од страна на раководството, а треба и да се запази принципот на засебни надлежности (задачи/активности) помеѓу трите линии на одбрана во Народната банка.

19. Законито и етичко усогласено работење на членовите на Советот и вработените, како и спречувањето на потенцијалниот ризик од неусогласеност се остварува, пред сѐ, преку надлежностите коишто обезбедуваат превенција, детекција и реакција на ризикот од неусогласеност во работењето.

## VI. НАДЛЕЖНОСТИ ОД АСПЕКТ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА

20. **Идентификација и процена на ризикот од неусогласеност** – функцијата усогласеност врши процена на ризикот од неусогласеност во соработка со организациските единици заради превенција и редовна идентификација на ризикот од неусогласеност во однос на регулативата за усогласеност која што го засега работењето на членовите на Советот и вработените и останатата регулатива којашто го засега работењето на Народната банка.

    Процената на ризикот од неусогласеност дава слика за ризикот од неусогласеност во Народната банка (потенцијалните ризици, слабости, предвидени активности за нивно спречување) и обезбедува уверување на раководството за состојбата на законито и етичко работење, земајќи ја предвид специфичноста на доменот на работење на организациската единица, односно примената на соодветната регулатива за усогласеност.

    Гувернерот го пропишува начинот на идентификација и процена на ризикот од неусогласеност со акт со кој се уредува начинот на работење на функцијата усогласеност.

21. **Информирање/известување и советување во однос на регулативата за усогласеност на** вработените/членовите на Советот, и тоа:
    *- Информирање и советување за новодонесената регулатива за усогласеноста на вработените/членовите на Советот и на нејзиното влијание врз нивното работење*, по што тие треба да се грижат нејзиното соодветно спроведување,

како и информирање за останатата новодонесената законска регулатива којашто го засега работењето на Народната банка и има ефекти врз нејзиното работење.

*- Советување во однос на регулативата за усогласеноста, на* барање на членовите на Советот и вработените, во чии рамки се дава совет и/или интерпретација/насоки од аспект на усогласеноста, односно нејзина соодветна примена;

*- Објавување и ажурирање на редовна основа на регулативата за усогласеноста на интранет-страницата* на Народната банка, заради нејзино афирмирање и достапност за вработените и членовите на Советот.

22. **Редовни проверки и ад хок проверки за усогласеноста од доменот на надлежноста на функцијата усогласеност –** функцијата усогласеност врши проверка/следење на усогласеноста на ниво на Народната банка согласно со своите утврдени надлежности и активности во Етичкиот кодекс, оваа политика и актот со кој се уредува начинот на работење на функцијата усогласеност.

    Функцијата усогласеност спроведува и ад хок проверки на законитото и етичкото работење во Народната банка, на сопствена иницијатива или на барање на раководството.

    Начинот на проверка на усогласеноста се пропишува со актот со кој се уредува начинот на работење на функцијата усогласеност.

23. **Ревидирање на актите од доменот на надлежноста на функцијата усогласеност и Етичкиот кодекс –** за обезбедување законито и етичко усогласено работење со важечката законска регулатива, функцијата усогласеност, ја следи новодонесената регулатива за усогласеноста и потребата за усогласување со неа така, што во зависност од потребата за усогласување, предлага донесување/изменување на актите од доменот на надлежност на функцијата усогласеност и Етичкиот кодекс.

    Ова е од аспект на превенција на обезбедување соодветна и навремена примена на регулативата за усогласеноста од страна на вработените и членовите на Советот во Народната банка.

24. **Спроведување едукативни активности и обуки** – функцијата усогласеност врши промовирање и подигнување на свеста и значајноста на усогласеноста, преку едукативни активности и организирање обуки и слично, на членовите на Советот и на вработените, заради соодветна примена на регулативата за усогласеност. Во рамките на ова, таа има задача да обезбеди поблиско запознавање на вработените и членовите на Советот со регулативата за усогласеноста, и тоа преку:
    *- Едукативни активности/основни обуки за запознавање со регулативата* за усогласеноста за сите вработени, членови на Советот, како и за новоработени, новоназначени тактички раководители или новоименувани членови на Советот, заради нејзина соодветна примена од нивна страна;

    *- Едукативни активности/обуки* за сите вработени, за новодонесената регулатива за усогласеност и/или за измена/дополнување на постојната регулатива за усогласеноста;

- Во зависност од конкретните потреби, *специјални/посебни обуки* за вработените на иницијатива на функцијата усогласеност или непосредниот раководител, како и специјални/посебни обуки за раководството, на иницијатива на функцијата усогласеност или на барање на раководството.

Функцијата усогласеност посветува особено внимание на спречувањето појава на корупција и судир на интерес во рамките на работењето на Народната банка, односно таа се грижи за спроведување на активностите за спречување појава на корупција утврдени со актот со кој се уредува спречување на појава на корупција во Народната банка и советува за соодветно постапување и примена на регулативата со која се уредува спречувањето на корупцијата и судирот на интереси.

За спречување корупциско, незаконско или неетичко постапување во рамките на работењето на Народната банка, функцијата усогласеност го промовира заштитеното внатрешно пријавување и запознавање на вработените со актите од оваа област.

## VII. НАДЛЕЖНОСТИ ОД АСПЕКТ НА ДЕТЕКЦИЈАТА

25. **Постапување врз основа на пријавено заштитено внатрешно пријавување** согласно со регулативата којашто се однесува на заштитеното внатрешно пријавување.

26. **Прибирање и анализа на информациите во кои е содржано прашање/област коишто се во надлежност на функцијата усогласеност, односно прашање поврзано со регулативата за усогласеност,** и тоа:
    - извештаите од меѓународни институции,
    - извештаите на надворешна (екстерна) ревизија,
    - извештаите на Државниот завод за ревизија,
    - ревизорските извештаи на Дирекцијата за внатрешна ревизија,
    - извештаите за оперативните ризици,
    - извештаите од направени инциденти на ниво на Народната банка,
    - информациите во медиумите за Народната банка, јавното мислење, како и други извори на информации за да се проверат/детектираат евентуални неусогласености.

## VIII. НАДЛЕЖНОСТИ ОД АСПЕКТ НА РЕАКЦИЈАТА

27. ***Совет/препорака* со укажување** за намалување на ризикот од неусогласеност, односно подобрување на усогласеноста на Народната банка, членовите на Советот и вработените.

28. ***Предлог за подобрување на етичката рамка*** (Етичкиот кодекс, актите коишто произлегуваат од него и/или друг акт/меморандум/договор со кој се уредува правило/обврска за членовите на Советот/вработените од аспект на усогласеноста).

29. ***Спроведување специјална/посебна едукативна активност и/или обука*** на конкретна тема за која е утврдено дека има потреба од нагласено/засилено информирање/запознавање на членовите на Советот и вработените, заради

реакција на забележана неусогласеност којашто се повторува почесто или е забележана кај одреден број вработени и/или членови на Советот.

30. ***Писмено информирање на гувернерот/вицегувернерот*** задолжен за координација на функцијата усогласеност, во однос на непочитувањето на регулативата од страна на Народната банка, членовите на Советот и вработените.

31. Одредени активности на превенција може да се јават во рамките на работењето, како активности на детекција, и тоа: процената на ризикот од неусогласеност; проверката на редовна основа или ад хок проверка; советување на вработените и друго.

    Воедно, одредени активности на превенција може да се јават во рамките на работењето како активности на реакција (спроведување едукативни активности/обуки).

## IX. ПЛАНИРАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА ФУНКЦИЈАТА УСОГЛАСЕНОСТ

32. Функцијата усогласеност ги планира активностите за наредната година, вклучувајќи едукативни активности и обуки, проценки на ризикот од неусогласеност и проверки за усогласеноста во рамките на Годишната програма за работа којашто се изготвува на ниво на Народната банка.

## X. ИНФОРМИРАЊЕ И НАДЗОР/СЛЕДЕЊЕ

33. Функцијата усогласеност, во рамките на своето секојдневно работење, го информира гувернерот и/или вицегувернерот овластен за координација на функцијата усогласеност, за состојбата на законито и етичко усогласено работење во Народната банка, преземените активности и препораки за спречување на ризикот од неусогласеност и постигнувањето усогласеност на ниво на Народната банка.

34. Функцијата усогласеност, на годишно ниво, го информира Советот на Народната банка, преку доставување **Годишен извештај за усогласеноста на Народната банка**. Извештајот дава отчет за изминатата извештајна година, за работењето и спроведените активности на функцијата усогласеност, како и за усогласеноста во Народната банка, односно за законитото и етичко усогласено работење во неа.

## XI. ПОСТОЈАН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И УСОВРШУВАЊЕ

35. Лицата за усогласеност треба да имаат соодветни обуки на редовна основа и редовна надградба на своите стручни способности и вештини, преку соодветни обуки и едукации, следење на трендовите во функцијата усогласеност на странските централни банки заради примена на современите практики за усогласеност во Народната банка.

## XII. ОГРАНИЧУВАЊА НА ОДГОВОРНОСТА

36. Воспоставувањето на функцијата усогласеност не подразбира целосна гаранција за преземање одговорност за сите ризици од неусогласеност со кои се соочува Народната банка, членовите на Советот на Народната банка и вработените, ниту за какво било пренесување одговорност на функцијата усогласеност што произлегува од постоењето или појавата на ризици од неусогласеност и интегритет, особено ризици од непочитување на регулативата за усогласеност или други ризици во работењето на Народната банка.

37. Функцијата усогласеност е насочена кон подобрување на превенцијата и засилување на информираноста и свесноста за усогласеноста во рамките на Народната банка и е насочена кон зајакнување на втората линија на одбранбени механизми, заради подобрување на постојните постапки/практики на усогласеност.

38. Постоењето на функцијата усогласеност не ги ослободува засегнатите учесници во Народната банка од нивните соодветни одговорности и законски обврски, односно одговорностите коишто произлегуваат од нивното работење во Народната банка.

## XIII. СОРАБОТКА

39. За постигнување законито и етичко усогласено работење на Народната банка, функцијата усогласеност поттикнува соработка и размена на информации за усогласеноста и за ризикот од неусогласеност, со стратегиските и тактичките раководители и вработените (состаноци, обуки итн.);

40. Функцијата усогласеност поблиску соработува со функцијата за управување со оперативните ризици при што разменува информации за евентуално идентификуван ризик од неусогласеност во рамките на процената на оперативните ризици на Народната банка, како и информации од работењето на функцијата усогласеност.

41. Заради постигнување законито и етичко усогласено работење, функцијата усогласеност остварува непосредна комуникација и размена на информации со Дирекцијата за внатрешна ревизија, како трета линија на одбрана.

42. Во зависност од прашањата коишто би произлегле од доменот на работење на функцијата усогласеност, таа остварува соработка особено со Дирекцијата за човечки ресурси, Дирекцијата за правни работи и други надлежни организациски единици во Народната банка, од првата линија на одбрана.

43. Функцијата усогласеност, по потреба, соработува со надлежните министерства и институции (состаноци, консултации, и сл.) заради потребите на нејзиното работење.

44. Функцијата усогласеност соработува со странски централни банки од аспект на развој и унапредување на работењето на функцијата усогласеност и следење на новите трендови и практики на усогласеност во централнобанкарското работење.

## XIV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

45. За соодветна примена на оваа политика, гувернерот со упатство подетално го уредува начинот на работење на функцијата усогласеност, којшто го вклучува начинот на идентификација и процена на ризикот од неусогласеност, начинот на вршење проверка и следење на усогласеноста, како и други аспекти неопходни за работењето на функцијата усогласеност.

46. Со оваа политика престанува да важи Политиката за контролата на усогласеноста на работењето со прописите во Народната банка П бр.02-15/III-3/2016 од 24 март 2016 година.

47. Оваа политика стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**